# Клучни пораки за медицински сестри

## Задачи

1. Вие сте на клучна позиција за подобрување на употребата на антибиотици преку соработка со тимот за управување со антибиотици [96].
2. Вашите задачи поврзани со подобрување на употребата на антибиотици вклучуваат [31,96,97] [експертски консензус]: а) Давање антибиотици на пациентите според пропишаното;
б) Координирање на земањето и испраќањето на микробиолошки примероци и известување на лекарите за резултатите;
в) Пријавување на несакани дејства од антибиотската терапија кај лекарите и соодветните комисии за надзор;
г) Олеснување на комуникацијата меѓу лекарите, аптеката, лабораторијата, тимот за отпуст, консултантите и пациентите;
д) Давање информации за третманите на пациентите и нивните семејства;
е) Следење на состојбата на пациентот во текот на 24 часа; и
ж) Управување со залихите на антибиотици на одделението и обезбедување следливост на нивната употреба [експертски консензус].

## Што може да направите или во што да соработувате

3. Подобрување на практиките за давање антибиотици во соработка со лекарите и фармацевтите [96,97].
4. Придржување кон мерките за превенција и контрола на инфекции воспоставени во вашата установа [експертски консензус].

5. Осигурете се дека пациентите (и нивните семејства) ја разбираат причината за антибиотската терапија и клучните точки поврзани со употребата на антибиотици, вклучително и дека [31,69] [експертски консензус]:
д) Ги земаат антибиотиците точно како што се препишани;
е) Никогаш не чувааат антибиотици за подоцнежна употреба;
ж) Никогаш не користат преостанати антибиотици од претходни лекувања; и
з) Никогаш не даваат преостанати антибиотици на други лица.

6. Осигурете се дека примероците за култура се соодветно земени и испратени во микробиолошката лабораторија, пред да започнете со антибиотици [31,42,70].

7. Осигурете се дека лабораториските резултати веднаш се доставуваат до лекарот што го води лекувањето [експертски консензус].

8. Потсетете ги лекарите да ја документираат нивната одлука за ревизија за сите пациенти на антибиотска терапија по 48-72 часа [31,42,69].

9. Известете го лекарот или фармацевтот доколку забележите дека пациент прима антибиотици подолго од седум дена без утврдено времетраење [69].

10. Доколку забележите дека членови на персоналот во болницата или здравствената установа ги прекршуваат упатствата или протоколите, прашајте ги зошто го прават тоа и дајте им насоки за да разберат што прават погрешно [69] [експертски консензус].

11. Редовно учествувајте на обуки и состаноци за рационална употреба на антибиотици, земање примероци и превенција и контрола на инфекции [53,96].